Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-109/1
21-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-253/1 од 26.02.2025 година поднесена од --- од ---, преку полномошник адвокат --- од ---, со седиште на --- во ---, за дискриминација сторена од страна на ---, врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон лицето --- од --- врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, сторена од страна на ---.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-253/1 од 26.02.2025 година, од страна на --- од ---, преку полномошник адвокат --- од ---, со седиште --- во ---, за дискриминација извршена од страна на --- (во понатамошниот текст: **"---"**), а врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека подносителката е вработена во ---, до --- година била распоредена на работно место – --- во --- при ---, а од --- година подносителката била распоредена на работно место – --- согласно решение на ---. Незадоволна од истото вработената --- изјавила жалба до ---, која на --- година донела решение со кое ја уважила изјавената жалба, оспореното решение било поништено, а предметот вратен на повторно одлучување. Понатаму според наводите во претставката, --- не постапил по напатствијата дадени во решението на ---. Се наведува дека подносителката се обратила и до --- од каде до поднесувањето на претставката немала добиено одговор, а воедно побарала заштита на своите права и пред ---. Крајно се наведува дека на --- година --- донел ново решение за распоредување на здравствен работник бр. --- со кое --- била распоредена на работно место – --- во оддел за --- при ---. Поради сето наведено, подносителката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и предлага да донесе мислење со кое ќе утврди повеќекратна директна дискриминација сторена од страна на ---, а врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

На 07.03.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со Барање бр. 08-253/2 до ---, заради добивање на произнесување по наводите во претставката.

На 20.03.2025 година пристигнат е Одговор бр. --- од --- година на --- во кој се наведува дека претставката на подносителката е неоснована па се истакнува дека таа била поставена во болницата како в.д --- во одделението за --- која позиција била привремена и не подразбирала трајно назначување на работното место – ---. Според актот за ситематизација на работните места во ---, за работното место – --- било предвидено --- од областа на медицинските науки, за разлика од подносителката која поседувала ---. Се посочува дека во --- бил извршен инспекциски надзор врз основа на кој не биле утврдени неправилности, а по насоките дадени во решението на ---, констатираните неправилности при првостепеното постапување биле отстранети. Крајно се наведува дека одлуката за распоредување на --- на работното место ---, е донесена на објективни критериуми утврдени со актот за систематизација.

На 07.03.2025 година Комисијата се обрати со Барање бр. 08-253/3 до ---, заради добивање на известување – Дали од страна на овој инспекторат е постапено по барањето поднесено од --- за вршење на вонреден инспекциски надзор во ---, по што на 20.03.2025 година на електронската адреса на Комисијата пристигната е електронска порака од ---, --- кон која е приложен Записник --- од --- година за извршен вонреден инспекциски надзор во ---.

На 22.04.2025 година Комисијата повторно се обрати со барање бр. 08-523/7 до --- заради добивање на информација за тоа – дали работното место --- е пополнето и доколку е – кој --- го има лицето кое работи на ова работно место. По ова на 05.05.2025 година во Комисијата е пристигнат одговор бр. --- од --- година во кој е наведено дека ова работно место е пополнето со лице кое има --- а во болницата вработено од --- година.

На 22.04.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-253/8 до --- заради потребата да ги прибави следните податоци – дали оваа --- го следи постапувањето на органите на државната управа и другите органи, организациии установи по решенијата донесени од ---, - дали за овие органи постои обврска да ја известат --- за тоа дали постапиле или не по нејзините --- односно --- дадени во истите и – дали ова прашање е решено со законски и подзаконски акт. За ова достави до Комисијата известување бр. --- од --- година, примено на 08.05.2025 година во кое се наведува дека во случаи кога --- со --- ќе поништи првостепен управен акт и предметот ќе го врати на повторно одлучување, второстепениот орган е должен да постапи во се по второстепениот управен акт и без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предметот да донесе нов управен акт. Во врска со ова се наведува дека во Годишниот извештај за работа на --- е констатирано дека првостепените органи не постапуваат во целост по насоките на --- и --- содржани во управните акти, што не е во согласност со одредбите од Закон за ---.

Доколку пак првостепениот орган не постапи по напатствијата на ---, таа повторно би постапувала по предметите во случај на поднесена нова жалба против актот донесен од првостепениот орган.

На 19.05.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок од полномошникот на подносителката ---, заведен под бр. 08-523/11, со кој ја извести комисијата дека од страна на --- врз основа на пријава, против подносителката била поведена дисциплинска постапка. На барање на полномошникот за препис од пријавата истата не му била доставена што повторно водело до заклучок дека врз подносителката се врши индиректна дискриминација.

Со оглед на сето наведено, особено врз основа на наводите во претставката и произнесувањето по истата, како и дополнително прибавените докази се утврди следната фактичка состојба: подносителката на претставката --- од --- е вработена во ---. Заклучно со --- година била распоредена на работно место в.д --- во одделение за --- при ---. Од --- година со решение на --- била распоредена на работно место ---. Незадоволна од ваквото решение на ---, подносителката истото го обжалила пред --- која ја уважила жалбата, го поништила првостепеното решение и го вратила предметот на повторно одлучување. Воедно од страна на --- бил извршен вонреден инспекциски надзор во --- , па врз основа на ова составен е записник во кој е констатирано дека не се утврдени неправилности во постапувањето на работодавачот - ---. Имено констатирано било дека првостепениот орган постапил по решението на --- и донел ново решение со кое биле отстранети причините поради кои било поништено прводонесеното решение за распоредување. Воедно констатирано било дека вработената --- била распоредена на работно место – в.д --- кое работно место не било предвидено со правилникот за систематизација на работните места во болницата.

Земено предвид наведеното, се утврди дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација кон лицето --- од --- од страна на --- врз основа на политичко уверување и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, а во смисла на член 8, став 1 од  во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*" Имено, во конкретниот случај не можеше да се утврди постоење на каузалитет помеѓу наведените дискриминаторски основи во претставката и распоредувањето на подносителката на друго работно место кое би требало да претставува акт на дискриминација што конечно може да упати на тоа дека во спорот од работен однос не се сретнуваат елементи на дискриминација.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Како резултат на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
20.01.2026 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- Архива на КСЗД